Врз основа на член 72 и член 75 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), ООУ Манчу Матак“ – Кривогаштани донесува

Интерен правилник за изрекување педагошки мерки, видови пофалби и награди за учениците во ООУ„Манчу Матак“- Кривогаштани

Член 1

Со овој правилник се уредуваат видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците во училиштето и се уредува начинот на нивното доделување или изрекување.

Член 2

Ученикот има право и обврска да ја посетува наставата и да учествува во воспитно-образовната работа што ја организира основното училиште.

Ученикот има обврска да постапува согласно со правилата за однесување во училиштето предвидени во куќниот ред, редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа.

I. Педагошки мерки

Член 3

Учениците кои не ги извршуваат обврските и ги повредуваат правилата на воспитно-образовната работа се применуваат следниве педагошки мерки:

- **усна опомена**
- **писмена опомена**
- **укор**
- **преместување на ученикот во друга паралелка**
- **намалување на поведението**

Член 4

Со изрекување на педагошките мерки од член 3,директорот на училиштето формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот,односно старателот,ученикот,наставникот и параралелката,со целнадминување на проблемот.Тимот за поддршка е составен од двајца претставници од редот на Стручни соработници и еден наставник.Училиштето може да повика и трети лица(социјален работник)да учествуваат во тимот за поддршка.

Член 5

Спрема учениците од I - III одделение, се применуваат педагошки мерки од точките 1 и 2 од членот 3 и нив ги изрекува одделенскиот наставник на паралелката.

Член 6

Педагошката мерка Усна опомена се изрекува при:

- попречување на часот, предизвикување неред, создавање бука, довикување на часот;
- нарушување на работната атмосфера (расправање со наставник,излегување или влегување без дозвола на наставник)
- валкање на училишниот простор и околината (пр.фрлање на отпад вон корпите за отпадоци);
- користење недозволени извори на податоци за препишување при тест, контролна задача, писмена вежба или писмена работа
- непочитување на кодексот на облекување

- оштетување на училишниот инвентар (помали штети: шарање, резбање на инвентарот и сл.)
- 5 неоправдани изостаноци

Усната опомена ја предлагаат одделенските наставници,директорот, ја изрекува раководителот на паралелката и се запишува во дневникот на паралелката и во евидентниот лист на ученикот за периодот во кој е изречена.

Член 7

Педагошката мерка Писмена опомена се изрекува кога:

- недозволено секористат компјутери, мобилни телефони и други уреди во текот на наставата
- поттикнување на други ученици на неприфатливо однесување
- вознемирување на учениците или вработените во училиштето со активности кои предизвикуваат непријатности (пр. недолична и навредлива вербална и невербална комуникација-пцовки, мимики, гестови)
- 10 неоправдани изостаноци

Писмената опомена ја предлага одделенскиот раководител,наставниците, директорот , а ја изрекува наставничкиот совет и се запишува во дневникот на паралелката и во евидентниот лист на ученикот за периодот во кој е изречена.

Член 8

Педагошката мерка Укор се изрекува кога:

- индивидуално и/или групно често неоправдано отсуствува од одредени часови
- попречување на воспитно-образовната работа со што е оневозможена нејзина понатамошна реализација
- повреда на достоинството на други лица со навреди, омаловажување или ширење на лаги и невистини;
- прикривање на насилни облици на однесување;
- присвојување на туѓи предмети
- однесување кое може да ја загрози сопствената, а и туѓата безбедност,
- поттикнување и внесување на неовластени лица во училишниот двор
- често навлегува во конфликти со ученици и наставници;
- 15 неоправдани изостаноци

Укорот го изрекува одделенскиот раководител,наставниците и директорот и се запишува во дневникот на паралелката и во евидентниот лист на ученикот за периодот во кој е изречена.

Член 9

Педагошка мерка преместување во друга паралелка се изрекува на ученикот за:

- Направено повеќекратно повторување на повредите на овај правилник
- предизвикување и поттикнување на насилно однесување (пр. пренесување на неточни информации кои се повод за насилното однесување, скандирање пред или по насилното однесување, снимање на настанот исл.);
- насилно однесување
- кражба од потежок карактер
- поттикнување на говор на омраза вогрупа
- уништување на инвентар и службени документи на училиштето
- присила на соученик или друг ученик на неприфатливо однесување или рекетирање
- 20 неоправдани изостаноци

Педагошката мерка преместување во друга паралелка ја предлага одделенскиот раководител, наставниците, директорот а ја донесува наставничкиот совети се запишува во дневникот на паралелката и во евидентниот лист на ученикот за периодот во кој е изречена.

Член 10

Педагошката мерка намалување на поведението се изрекува кон ученик кој врши потешки повреди на куќниот ред во училиштето и доколку не се случиле промени по разговорите и по претходно изречените педагошки мерки на ученикот и известување на родителите и кога:

- објавува на материјали по електронски или на друг начин кои предизвикуваат повреда на угледот, честа и достоинството на други лица
- намерно уништување и нанесување на штета на училишната зграда, сала, двор;
- внесување или конзумирање на цигари и алкохол во училишниот двор и зграда;
- поттикнување или учество во тепачка или друго однесување кое може да ја загрози сопствената, а и туѓата безбедност
- внесува и користи опасни и пиротехнички средства во училиштето,
- направил некој потежок прекршок и изразено непочитување на правилникот
- загрозување на безбедноста на ученик/ци или вработен/и со користење на оружје или опасни предмети во училиштето и училишниот двор како и на друго место каде се одржува воспитно –образовната работа
- насилно однесување кое резултира со тешки емоционални и физички последици за други лица
- му се изречени некои од претходните педагошки мерки и нема подобрување во неговото поведение и покрај сите советодавни разговори со него и родителот
- 25 неоправдани изостаноци

Педагошката мерка Намалување на поведението ја предлага одделенскиот раководител,наставниците, директорот , а ја донесува Наставничкиот совет и се запишува во дневникот на паралелката и во евидентниот лист на ученикот за периодот во кој е изречена.

Поведението може да се намали на Добро или Незадоволително во зависност од тежината на прекршокот. За ова одлучува Наставничкиот совет.

- Во случај на организирано бегање од часови од страна на едно одделение се изрекува педагошката мерка:**Писмена опомена**

Доколку на истото одделение му се случи истиот настан, одделенскиот раководител предлага педагошка мерка од член 3 а Наставничкиот совет ја донесува, се запишува во дневникот на паралелката и во евидентниот лист на ученикот за периодот во кој е изречена.

Член 11

Изречените педагошки мерки од член 3 од овој Правилник важат најдолго до крајот на учебната година во која се изречени. Во одредени случаи кога е направено тешко прекршување на правилата на училишниот живот може да се пристапи кон изрекување на одредена педагошка мерка без да се следи редоследот на изрекување на педагошките мерки.

Член 12

Педагошките мерки се применуваат индивидуално и се темелат на објективност, одмереност, праведност и педагошка одговорност.

Педагошките мерки се изрекуваат индивидуално за секој ученик со претходно проучување на околностите кои довеле до потреба за нивно изрекување.

Член 13

Пред изрекување на педагошките мерки претходи разговор со ученикот и родителот или старателот. Разговорот го води оделенскиот наставник, раководителот на паралелката, предметниот наставник, стручните соработници а по потреба идиректорот. За превземените активности се водат записници.

Одделенскиот раководител активностите ги запишува во дневник во преглед на изостаноци(други забелешки) и се води индивидуален записник.

Член 14

Изречената педагошка мерка детално се образложува со цел истата наполно да е разбирлива за ученикот кон кој се применува.

За изречените педагошки мерки од член 6,7,8, 9 и 10 од овој интерен акт се изготвува одлука од Наставнички совет и се известува родителот (старателот) на ученикот. Родителот има право на приговор во врска со Одлуката во рок од 7 дена од денот на известување.

Приговорот се поднесува до Училишниот одбор кој може педагошката мерка да ја потврди или измени. Одлуката по приговорот е конечна.

Член 15

Изречените педагошки мерки се евидентираат во соодветна педагошка документација.

Член 16

Педагошките мерки од член 3 од овој интерен акт се евидентираат во дневникот на паралелката и евидентните листови на ученикот за периодот кога е изречена, со одлука од Наставнички совет и известување до родителот.

Доколку настанат позитивни промени кај ученикот, изречената педагошка мерка намалување на поведението се повлекува и се подобрува поведението.

II. Изостаноци и отсуства

Член 17

Секое изостанување или задоцнување на ученикот на наставен час задолжително се регистрира како оправдан или неоправдан изостанок во одделенскиот дневник.

Член 18

За секое изостанување на ученикот од настава родителот односно старателот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините за изостанувањето.

Ученикот може да отсуствува од наставата ако неговото изостанување родителот односно старателот го најави однапред до одделенскиот раководител, но не повеќе од пет дена во наставната година.

Член 19

Секое отсуство и задоцнување на часови без оправдана причина е неоправдан изостанок.

Член 20

Отсуство на учениците од оправдани причини ги оправдува раководителот на паралелката.

Член 21

Се оправдува отсуство на ученик кој добил дозвола од одделенскиот раководител, предметен наставник, стручните соработници или директорот на училиште.

Член 22

Родителот е должен секое изостанување на ученикот од наставата да го извести одделенскиот раководител на ученикот. Известувањето треба да го стори благовремено или истиот ден кога ученикот е отсутен од настава. Доколку родителот предизвикува доцнење на ученикот во континуитет во одделенска настава , а со тоа го попречува воспитно-образовниот процес ќе биде повикан од страна на стручните соработници на разговор.

Член 23

Директорот на училиштето по писмено барање на родител/старател од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата, но не подолго од 30 дена.

Член 24

Ако ученикот од било кои причини континуирано не ја следи редовната настава

(една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети), а нема елементи за оценување, полага одделенски испит според предвидените предмети со наставниот план. Оправданоста за причините ја оценува Наставничкиот совет.

Член 25

Раководителот на паралелката е должен однапред да го извести ученикот и неговиот родител или старател со Одлука на Наставничкиот совет дека ученикот ќе полага одделенски испит по одделни наставни предмети или сите наставни предмети.

Член 26

За неоправдано изостанување на ученикот од наставата се изрекуваат следните педагошки мерки:

- 5 неоправдани изостаноци, уснаопомена
- 10 неоправдани изостаноци писменаопомена
- 15 неоправдани изостаноци, укор
- 20 неоправдани изостаноци, префрлување во другапаралелка
- 25 неоправдани изостаноци, намаленоповедение

Член 27

Евидентирањето во графата забелешки во одделенскиот дневник може да биде поради отсуство, нарушување на воспитно-образовниот процес, недисциплина, не носење и не користење на спортска опрема или училиштен прибор и слично. Во оваа графа може и да се пофали ученикотпоради одредени негови активности за кои наставникот смета дека треба да се истакнат на тој час.

III. Пофалби и награди

Член28

Учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигнувања основното училиште ги пофалува односно наградува. На учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во наставните и воннаставните активности, основното училиште, на предлог на Наставничкиот совет, им издава посебни дипломи и пофалници.

Член29

Пофалбите и наградите се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка секција, екипа и паралелка во текот и на крајот на учебната година.

Член30

Ученикот се пофалува и наградува за:

- залагање и напредување во наставата,
- залагање и постигнат успех во слободните ученички активности ,натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.
- примерно поведение
- позитивно однесување (поттикнување позитивна клима во паралелката и воопшто во училиштето, развивање другарство, помагање на други ученици, почитување на наставниците, вработените во училиштето и редовност во извршувањето на обврските).
- залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина.

Член31

Пофалби и награди се доделуваат на:

- група, секција или екипа која постигнала особени резултати (прво, второ или трето место и сл.) на натпревари,
- паралелка, група или секција која постигнала најдобри резултати во одредена активност организирана во училиштето и/или надвор од него.

Член32

Предлог за пофалби и награди дава оделенскиот наставник, предметниот наставник, а одлука донесува Наставничкиот совет.

Член33

Пофалбите може да бидат усни и писмени.

Писмена пофалба се дава во вид на дипломи, пофалници и признанија и/или се запишува во евидентен лист.

Наградите можат да се даваат во вид на одредени вредности што одговараат на нивната педагошка намена: книги, билети за филмски, театарски и други видови културно - уметнички и спортски манифестации, ученички прибор и слично.

Член 34

Пофалувањето и наградувањето се врши на свечен начин на Денот на училиштето или на некои други пригодни датуми и настани.

Член 35

За пофалбите и наградите се води евиденција во училиштето. И истите се запишуваат во извештаите од наставниците.

IV. Процедура за избор на првенец на генерација

Член 36

Од редовните ученици што го завршуваат основното образование, (IX одделение), училиштето може да избира ученисі како првенец на генерација.

Член 37

На крајот на деветто одделение може да се издаде диплома за првенец на генерација на еден ученик.

Член 38

Постапката за избор на првенец на генерација почнува да тече по објавувањето на интерниот конкурс што се истакнува на огласната табла во училиштето и веб страната на училиштето.

Член 39

Конкурсот по правило се истакнува во првата недела од месец мај и трае 10 работни дена.

Член 40

Предлог на ученик-кандидат за првенец на генерација може да даде: раководител на паралелка, предметен наставник, стручен соработник, директор или учениците.

За првенец на генерација може да се кандидира ученик-поединец.

Член 41

Секој предложен ученик, кандидат, е должен до Комисијата за избор на ученик на генерацијата да донесе пријава и документација предвидена на конкурсот.

Член 42

Критериумите според кој се избираат првенците на генерација се следниве:

- постигнат континуирано одличен успех по сите наставни предмети во текот на школувањето;
- покажува активности во работата на ученичките организации, има освоено награди, дипломи, признанија и сл.
- учество и придонес во воннаставните активности во училиштето;

- континуирано примерно поведение во училиштето и надвор од него;
- да се истакнува во поттикнувањето на позитивна клима во паралелката и Училиштето.

Член 43

Секој критериум што го исполнува кандидатот за првенец на генерација, Комисијата за пофалби и награди, го вреднува на следниот начин:

- Континуирано примерно поведение од I до IX одделение..... 5 бода;
- Континуиран одличен успех од I до IX одделение ..... 20 бода;
- За учество во воннаставните активности по 2 бода за секоја активност, ако тоа се докаже со соодветен документ, за добиени награди, дипломи, пофалници, благодарници или признанија во текот на основното образование, (од прво до деветто одделение)

• на ниво на училиште
Прво место.....4 бода
Второ место.....3 бода
Трето место.....2 бода
Пофалница.....1 бод
• на општинско ниво
Прво место.....7 бода
Второ место.....6 бода
Трето место.....5 бода
Пофалница.....2 бода

- на градско (регионално) ниво:

Прво место.....9 бода
Второ место.....8 бода
Трето место.....7 бода
Пофалница.....3 бода
• на државно ниво
Прво место.....12 бода
Второ место.....10 бода
Трето место.....9 бода
Пофалница.....4 бода

- на меѓународно ниво

Прво место.....20 бода
Второ место.....15 бода
Трето место.....13 бода
Пофалница.....7 бода

- За учество на индивидуални/групни натпревари од неакредитирани здруженија, сојузи, клубови се бодира збирно еднаш без разлика на вкупниот број од дадената категорија:

Прво место ..... 3 бода
Второ место .....2 бода
Трето место .....1 бод
Пофалница или благодарница .....0.5 бода

- За одговорна улога во активностите на ученичкиот парламент, заедницата на паралелката,ученичкиот правобранител,организацијата на Црвениот крст или друга организација на учениците, на ученикот му се доделуваат по 2 бода за активноста во секоја подинечно во која постигнал одредени резултати на годишно ниво.

Член 44

Комисијата за избор на ученик на генерацијата се формира од страна на Наставничкиот совет најдоцна до месец мај и е со траење од една година. Во состов на оваа комисија влегуваат: директорот на училиштето, одделенските раководители на паралелките во IX одделение, претставници од одделенските наставници, претставници од предметните наставници и претставник од стручните соработници.

Член 45

Комисијата за избор на ученик на генерацијата ја разгледува целокупната документација на пријавените кандидати, ги применува одредбите од овој Правилник, утврдува кандидатска листа за избор на ученик-првенец на генерација кој ги исполнуваат критериумите со бодовна листа и истата ја доставува до Наставничкиот совет. Одлуката за прогласување на ученик за првенец на генерација ја донесува Наставничкиот совет на крајот на наставната година.

Член 46

Првопласираниот кандидат, односно кандидатот со најмногу поени се прогласува за ученик на генерацијата.

Член 47

Ученикот што е прогласен за првенец на генерација добива посебна диплома, а во зависност од можностите на училиштето и некоја вредна награда. Истата му се доделува на денот на доделување на свидетелствата за завршено основно образование или на некоја свечена пригода.

Кривогаштани, 3.03.2025 година

Директор:
Даниела Мицеска

_____